Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-160/2
17-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 160/1 од 09.02.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, со седиште на [redacted] Скопје за извршена дискриминација врз основа на пол, род, политичка припадност, родов идентитет, личен и општествен статус, од страна на [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.07.2023 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-160/1 од 09.02.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На 09.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] Скопје за извршена дискриминација врз основа на пол, род, политичка припадност, родов идентитет, личен и општествен статус, против лицето [redacted]

Во претставката, подносителот наведува дека на 06.02.2023 година, потенцијалниот дискриминатор [redacted], преку компјутерски систем со објава на текстуална содржина – статус со фотографија, од своите профили на социјалните мрежи „Facebook" и „Twitter" во јавноста ширел вознемирувачки пишан материјал со кој промовира омраза, на начин што споделил текстуална содржина: Т 54 (се мисли на советски борбени тенкови) и фотографија од актуелната министерка за одбрана, [redacted] Притоа, горенаведените објави биле предмет на коментари, споделувања и потсмев помеѓу другите корисници на социјалните мрежи.

Согласно член 23 став 2 и став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„(2) Лицето кое смета дека е дискриминирано пред Комисијата може да биде застапувано од страна на здружение, фондација или синдикат со претходно дадена согласност.*
*(3) Здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и институции, што имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат претставка, ако направат веројатно дека со постапувањето на одредено физичко или правно лице се дискриминирани поголем број лица."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатираше дека предметниот проблем спаѓа во областа на клевета и навреда насочена кон индивидуално лице. Следствено, подносителот на претставката нема активна легитимација или оправдан интерес за застапување на жртвата, Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
17.07.2023

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]